Датум: 17.05.2019 г.

**ОБЈАВА за одржување на подготвителна информативна сесија за нацрт извештајот за стратегиска оцена на животната средина од спроведување на Планот за управување со природно и културно наследство во Охридскиот регион.**

Почитувани,

Ве информираме дека на 27.05.2019 (понеделник) ќе се организира ПОДГОТВИТЕЛНА ИНФОРМАТИВНА СЕСИЈА за Нацрт извештајот за стратегиска оцена на животната средина од спроведување на Планот за управување со природно и културно наследство во Охридскиот регион.

Подготвителната информативна сесија се организира во согласност со препораките на Архускиот жалбен комитет и член 6 од Архуската конвенција за рано вклучување на засегнатата јавност во процесот на донесување на одлуката за Планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион и има за цел запознавање на засегнатата јавност со процесот, податоците со кои се работи и документите кои се користат или секциите кои се подготвени, а за кои е потребно рано информирање на засегнатата јавност.

**Настанот ќе се одржи во Салата за состаноци во општина Охрид, со почеток во 13 часот.**

За учество во подготвителната информативна сесија се поканети сите засегнати страни согласно Одлуката за спроведување на Стратегиска оцена на животната средина на Планот.

За изработка на Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион е одговорно Министерството за култура – Управата за заштита на културното наследство и Министерството за животна средина и просторно планирање – Управа за животна средина – природно наследство, а го донесува Владата на Република Северна Македонија.

**КАНЦЕЛАРИЈА ЗА КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТ**


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk